Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9октомври 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседавашед-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваад-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,м-р Беким Сали, министер за здравство, доц.д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрацијаи д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретарна Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,д-р Никола Тупанчески, министер за правда и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- План за фискалната одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори, со Прилог

- Информација за економски мерки за справување со ефектите од енергетската и ценовна криза-октомври 2022

- Информација за водените разговори со Меѓународниот монетарен фонд за обезбедување на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line–PLL), со прилог

- Кадровски прашања

- Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## **Точка 1**

Владата го разгледа Планот за фискалната одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори, со Прилог и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници и другите правни субјекти од јавниот сектор да ги спроведуваат и почитуваат мерките и препораките според Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори дадени во прилог.

2. Се задолжуваат буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и другите правни субјекти од јавниот сектор, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да преземат навремени мерки и активности за спроведување на препораките од ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија кои се во насока на оптимизација на расходите во работењето и зголемена и подобрена наплата на приходите што се во нивна надлежност.

3. Се задолжува Министерството за економија да направи анализа за можноста за продолжување на примената на летното сметање на времето и за истото во рок од седум дена да ја извести Владата.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги достави наведените заклучоци до буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и другите правни субјекти од јавниот сектор и да воспостави систем на следење на степенот на имплементација на истите.

5. Се задолжуваат буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и другите правни субјекти од јавниот сектор, да доставуваат квартални извештаи за имплементација на мерките и препораките за фискална консолидација до Министерството за финансии, а Министерството за финансии до

Владата да доставува збирен извештај на секоја втора седница на Владата по завршување на кварталот.

6. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, локалните јавни претпријатија и другите институции основани од општината, да преземат мерки и активности за консолидација на нивните буџети и финансиски планови, преку зголемена наплата на изворните приходи и намалување на помалку приоритетните расходи за најмалку 20%.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за економски мерки за справување со ефектите од енергетската и ценовна криза-октомври 2022 и ја усвои со заклучок економските мерки за справување со ефектите од енергетската и ценовна криза во Информацијата да се допрецизираат согласно, расправата на седницата на Владата.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за водените разговори со Меѓународниот монетарен фонд за обезбедување на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line–PLL), со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на барањето до Меѓународниот монетарен фонд за обезбедување на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL).

2.Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија да го потпишат Барањето до Меѓународниот монетарен фонд за обезбедување на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line–PLL) во износ од 290% од квотата или 406,87 милиони Специјални права на влечење (СПВ).

3.Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија да продолжат со постапката околу обезбедување на средства од кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line–PLL).

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

**1.**Владата не го прифати Предлогот за покривање на трошоците за учество на претставник на Република Северна Македонија на состанок на Советот на претседатели на Генерално собрание на Обединети нации, што ќе се одржи во период од 19 до 22 октомври 2022 година, имајќи ги предвид мерките за штедење.

**2.**Владата го овласти министерот за труд и социјална политика да го потпише новиот колективен договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија.

**3.**Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-6152/1 од 8 јуни 2021 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и до крајот на ноември 2022 година, до Владата да достави нов Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**4.**Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Митилинеос), Предлог-одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Балкан Реневабле Инвестментс) ДОО Скопје и Предлог-одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Енимак) ДООЕЛ Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата со истите да се запознаат членовите на Комисијата за стратешки инвестициони проекти.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**